# Адвентистичка мисија
## за млади и за возрасни



**2021 • ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЕВРОАЗИСКА ДИВИЗИЈА



www.subotnaskola.org

# СОДРЖИНА

**На предната корица од списанието:** Олга Ношин, 34, од градот Заокски, преживеала страшна сообраќајна несреќа, без никакви повреди. Тој настан довел до трајни промени во нејзиниот брак и во нејзиното чекорење со Бога. Приказната за неа можете да ја прочитате на страница 14 од вашето списание.


РУСИЈА
4 Големата борба околу трактатот / Јануари 2 Т
6 Дарот на јазици / 9 јануари Т
8 Нова личност / 16 јануари Т
10 Создавање пријателства заедно со Бога / 23 јануари Т
12 Најголемиот ден во животот на Иван / 30 јануари
14 Сударот што го промени мојот живот / 6 февруари
16 Отсуствување од училиште поради црквата / 13 февруари Т
18 Восхитениот лекар / 20 февруари
ПРИКРИЕНА ДРЖАВА*
20 Благодарност на Бога за трпезата / 27 февруари
КИРГИСТАН
22 Спортот го менува животот / 6 март Т
24 Книгата и училиштето / 13 март 13
УКРАИНА
26 Немирното момче прваче / 20 март
28 Програма на 13-тата сабота: Научи нè да се молиме / 27 март 27
30 Идни проекти за 13-тата сабота
32 Информации


*Т = Приказните кои можат посебно да ги интересираат тинејџерите*

*Прикриена држава* е држава која списанието „Адвентистичка мисија“ не ја открива поради регионалната чувствителност кога е во прашање христијанството.*

# Вашите дарови на дело



Пред три години, дел од даровите за 13 сабота бил употребен за изградба на спортска сала во адвентистичкиот колеџ „Јужна унија“, во Токмок во Киргистан. Приказната од ова училиште ќе можете да ја читате на страниците 22-25 од вашето списание.

## Можности

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за Евроазиската дивизија за:

- Изградба на трокатна претшколска установа, основно и средно училиште на кампусот на украинскиот адвентистички центар за високо образование во градот Буча, Украина.
- Изградба на двокатна претшколска установа, основно и средно училиште на кампусот на украинскиот адвентистички универзитет Заокски во областа Тула во Русија.

# Драг водачу на саботната школа,

*Ендрју Мекчизни,*
*Уредник на списанието*



Ова тримесечје ќе го посветиме на Евроазиската дивизија (ЕАД) во која се одвива неверојатна приказна, бидејќи бројот на црковни образовни установи пораснал од 14 во 2012 година до денешните 50.

„Постојат многу причини поради кои училиштата се отвораат толку брзо, но една од главните е таа што сега е вистинското време и начин на кој Бог го исполнува својот план", ми рече Микаил Камински за време на својот мандат како претседател на Евроазиската дивизија од 2015-20 година.

Вашите дарувања за 13-тата сабота ќе донесат големи промени во адвентистичкото образование. Ќе бидат изградени две училишни згради на кампусот Заокски, адвентистичкиот универзитет во Русија, и на кампусот на украинскиот центар за високо образование, кој се наоѓа веднаш до главниот град Киев.

Во моментов, во двете образовни установи, учениците од основното и средното училиште делат училници со студентите.

Адвентистичката црква го основала својот прв протестантски семинар во Советскиот сојуз под името Заокски во близина на Москва во 1988 година. Споредувајќи ги со останатите делови од светот, адвентистичките училишта на оваа пространа територија на Евроазиската дивизија се развивале побавно, еден дел поради седумте децении комунистичка власт. Храбрите адвентисти кои тајно ги преведувале на руски јазик делата на една од основоположниците на адвентистичката црква, Елена Вајт, и го послушале нејзиниот совет да отвораат црковни училишта, без оглед на стравот што со тоа можеби ќе ја провоцираат власта.

Како резултат на тоа, по падот на Советскиот сојуз во 1991 година, верниците на црквата почнале да ги читаат советите на Елена Вајт, како што се: „Во сите наши цркви и каде и да се собираат верниците, би требало да се основаат училишта. Во тие училишта учители би требало да бидат оние кои имаат мисионски дух, за да можат децата да бидат обучени да станат мисионери" (The Southern Review, July 18, 1899). Првото основно училиште е основано во Заокски во 1990 година.

Во Евроазиската дивизија живеат 330,4 милиони луѓе, а од нив 107,252 се верници на Христијанската адвентистичка црква во 13 држави од оваа дивизија. Тоа претставува однос од 1 адвентист на секои 3,080 луѓе.

**Специјални карактеристики**

Ако сакате да ја направите својата саботна школа поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/childrensmission или да го читате и на фејсбук. Посетете ја и ставете ми се допаѓа на нашата фејсбук страница (Face-book.com/missionquarterlies).

Искористете ги предностите на мисионските искуства во видеозаписите што ги изнесуваат луѓето ширум светот, со посебен фокус на примателите на мисионските дарови за 13. сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видеоклип и линк на интернет, за да можете да ја преземете апликацијата, или да ги гледате видеоклиповите онлајн.

Секоја седмица поставуваме дополнителни слики и занимливости кои можете да ги преземете и да ги прикажувате во својата класа на компјутер или на мобилен телефон додека ги читате мисионските искуства, или можете да ги отпечатите и со сликите да ја декорирате просторијата на саботната школа или на вашата саботношколска табла.

Дополнителни информации и активности: Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку вебсајтови кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации можете и директно да ме контактирате: mcchesneya@gc.adventist.org

Вашата поддршка за мисионството е многу важна за единството на црквата.

Ви благодарам што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со духовните браќа и сестри ширум светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку вашите дарувања.

*Од срце ви посакувам изобилство Божји благослови!*



# Големата борба околу трактатот

РУСИЈА | 2 јануари 2021

**Аљона Пирочок, 20**

Аљона сакала да се врати на адвентистичкиот универзитет Заокски, кога снемало светло, а греењето престанало да работи во текот на студеното зимско патување со автобусот.

Останатите членови од нејзината peaчка група исто се чувствувале. Биле уморни и не знаеле дали дефектот на автобусот може да биде поправен. Автобусот со десеттемина патници се наоѓал на третина од дванаестчасовното патување од Заокски во Русија до Минск во Белорусија.

Членовите на групата одлучиле да го повикаат таткото на Аљона на универзитетот, да види дали може некако да им помогне. Татко ѝ на Аљона знаел доста за поправките на автомобили и автобуси, и им рекол да застанат на следната бензиска пумпа, а тој ќе дојде да погледне и да се обиде да го отстрани дефектот.

Патниците со часови чекале да дојде таткото на Аљона. Потоа чекале уште дополнителни два часа додека го поправал дефектот на бензиската станица. Човекот што работел тука бил љубезен, им дал бесплатно да пијат чај од билки колку што сакаат додека чекаат.

Конечно, автобусот бил поправен и подготвен да го продолжи своето патување. Патниците се качиле во автобусот заблагодарувајќи му се на таткото на Аљона за помошта и го продолжиле своето патување кон Минск.

Еден час подоцна, Аљона почувствувала силна желба да се врати на бензиската станица. Сакала на љубезниот работник да му го подари трактатот од Елена Вајт „Големата борба“. Нејзините пријатели и таа често сакале да им подаруваат на луѓето трактати.

„Треба да се вратиме на бензиската станица“, рекла.

Групата не се согласувала.

„Треба на љубезниот човек да му подариме трактат“, била упорна во својата идеја.

„Да, требаше да му дадеме трактат“, рекол Никита, „но сега нема да се враќаме“.

Во наредните десет минути патниците дискутирале за таа дилема.

Сакале на љубезниот работник да му подарат трактат, но поради потрошеното време при поправката на дефектот, враќањето на бензиската станица не им се чинело како добра идеја. Никита бил најгласен во својата идеја дека премногу време е изгубено и дека треба да го продолжат патот кон Белорусија.

Одеднаш Никита го променил своето мислење.

„Треба да се вратиме“, рекол.

„Зошто“? – извикале сите изненадено.

Никота изгледал засрамено.

„Го заборавив мојот мобилен телефон на бензиската пумпа“, изустил веднејќи ја главата.

Автобусот свртел. Сите патници биле среќни. Аљона била посебна среќна. Сакале да му посведочат на работникот. Меѓутоа, тогаш Никита се сетил дека работникот бил висок и силен. „Можеби нема да го земе трактатот“, рекол, „Тој сигурно не е христијанин, а видовме и дека пуши цигари додека бевме таму и чекавме автобусот да биде поправен“.

Во текот на наредниот еден час, групата дебатирала дали работникот ќе го прими трактатот или ќе го одбие. Додека автобусот се приближувал кон бензиската пумпа, Аљона се молела, „Мил

## Во врска со искуството

- Пронајдете го Заокски на картата на Русија. Се наоѓа јужно од Москва. Покажете го на картата патот до Минск во Белорусија.
- Погледнете го видеоклипот со Аљона на: bit.ly/Alyona-ESD.
- Преземете ги сликите од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq)
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/2021-EAD.

## Мисионски информации

- Руската федерација се состои од Западноруската унија – во која се наоѓаат седум области, Источната унија – во која се наоѓаат три мисии, Кавкаската унија и Далекоисточната унија.
- Во Русија постојат 640 цркви и 719 групи на верници со вкупно 42,466 верници на адвентистичката црква.
  На вкупна популација од 158,842.000 жители во државата, тоа претставува однос од 1 адвентист на секои 3.646 луѓе.

Исусе, Те молиме, отвори го срцето на овој работник да го прифати трактатот и да го прочита“.

Додека автобусот се приближувал кон бензиската станица, работникот излегол од канцеларијата. Во својата рака го држел телефонот на Никита. Чекал да се вратат по него.

Аљона тргнала кон човекот. Се чувствувала срамежливо и ниско наспроти него. Од џебот го извадила трактатот.

„Ве молам, земете го ова. Ние сме христијани и веруваме во Исус. Сакаме ова да ви го подариме. Можеби ќе ви помогне во животот“.

Целата група гледала дали човекот ќе го земе трактатот.

Се свртел, а лицето му блескало.

„Ви благодарам“, рекол. „Ќе го разгледам трактатот“.

Аљона не знае дали човекот го одржал својот збор, но не се грижи за тоа. Дали работникот ќе добие желба да го чита трактатот „Големата борба“, е работа на Светиот Дух. Она што групата христијански пејачи можела да го направи е да го подари трактатот.

„Не треба да се плашиме како ќе реагираат луѓето, кога се сведочи за Исус“, смета Аљона.

„Ние ја потценуваме силата на Светиот Дух. Тој е многу моќен. Луѓето исто така се пољубезни отколку што ние мислиме, и сакаат да дознаат за Исус“.

Даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени за училиштето Заокски, во кое одела Аљона за време на своето основно средно образование. Ќе биде изградена посебна зграда на кампусот на универзитетот Заокски. Во моментов средното училиште ги користи училниците на универзитетот. Вашите дарувања ќе помогнат децата од основноучилишната и средноучилишната возраст да добијат своја училишна зграда со нови училници.



# Дар за зборување јазици

РУСИЈА | 9 јануари 2021

**Анатоли Голозвин, 28**

Анатоли му ветил на Бога дека ќе работи како пастор откако бил излекуван од долга болест во Казахстан, но немал можности да се запише на факултет.

Потекнувал од сиромашно семејство што живеело во едно сиромашно село и затоа немал средства за школување.

Неволно, Анатоли се преселил во Русија во потрага по работа.

Со денови се молел, „Боже, што сакаш да направам од мојот живот?“

Додека се молел, почувствувал дека Бог му одговара, „Учи, за да бидеш толкувач на јазици“.

Анатоли се насмевнал на таа мисла. Не бил добар ученик. Покрај сè, во неговото семејство сите работеле како инженери. Никој не знаел ниту еден странски јазик. Не заборавајќи ја идејата да се запише на часови по јазик, се вратил кај својата мајка во градот Уштобе, во Украина.

„Мајко, јас сакам да студирам јазици за да станам толкувач“, рекол.

Мајка му била изненадена. „Сине, ти знаеш само руски и казашки“, рекла. „Таквата работа не е за тебе“.

Оваа идеја растела во умот на Анатоли, а мајка му одлучила да оди со него во Талдикург, најблискиот град каде што имало факултет кој нудел часови по англиски јазик. Анатоли не го положил приемниот испит за факултет, па мајка му и тој се вратиле тажни во својот дом.

Меѓутоа, Анатоли не можел да ја заборави идејата да учи странски јазици. Еден ден, ја читал Библијата под дрвото и сфатил дека можноста за зборување на странски јазици всушност е дар на Светиот Дух. Читал: „Зашто, на еден му сè дава преку Духот да зборува со мудрост, на друг – да зборува знаење, преку истиот Дух;

на друг – чудотворства, на друг – да пророкува, на друг – да ги разликува духовите, на друг – разни јазици, на друг да толкува јазици“ (1. Коринќаните 12,8.10).

Анатоли ја наведнал својата глава во молитва, „Боже, Те молам дарувај ме со овој дар“.

Еден месец подоцна, се шетал долж шините кога на земјата пронашол книга на англиски јазик за конверзациско ниво. Дома, ја отворил книгата и почнал да ги чита едноставните изрази на англиски и руски јазик. Откако прочитал две страни, ја затворил книгата и се обидел да запомни што читал на англиски јазик. На свое изненадување, го повторил секој збор на англиски јазик.

„Ова е невозможно“, си помислил. „Ова е некоја фантазија“.

Ја отворил книгата и прочитал уште десет страници. Ја затворил книгата, ја дал на својата мајка и рекол: „Мајко, прочитај што било од оваа книга на руски јазик“.

Прочитала неколку реченици, а Анатоли ги превел на англиски јазик. Шокиран од ова што му се случува, се прашувал дали го примил дарот за јазици за кој се молел.

Анатоли се запишал на часови по англиски јазик во своето родно место и за два месеца стигнал до средно ниво. Тогаш отишол да работи на нива на берба на лубеници. Со парите заработени од работата на нивата, го купил својот прв лаптоп. Уште некое време поработел на нивата за да може да набави интернет и мобилен телефон. Со помош на овие апарати учел англиски онлајн.

Наредната година се запишал на факултетот на чиј примен испит паднал. Овојпат го положил приемниот испит со одлична оцена. Неговото знаење на англискиот јазик било толку добро што факултетот го испратил на национално толкување по англиски јазик.

Деканот на факултетот, кој го прекорувал Анатоли поради недоаѓањето на настава во саботите, го променил своето мислење за него кога дознал дека Анатоли го освоил второто место на натпреварот и сума од 200 долари.

„Оди слободно во црква!“ – му рекол деканот. „Всушност, и јас ќе дојдам со тебе.“ И така и направил.

Анатоли дипломирал два јазика со пофалници, англиски и турски.

Тој не престанал со учењето на руски, казашки, англиски и турски. Научил и шпански, во текот на четири месеци престој во едно адвентистичко училиште во Киргистан.

Тогаш црковните водачи го испратиле во Аргентина да го усоврши своето знаење по шпански јазик. Таму научил и португалски. Кога се вратил, добил работа како толкувач и преведувач на странски јазици во црквата во Казахстан и тоа го работел наредните три години.

Тогаш се остварил и неговиот сон. Девет години по своето ветување дека ќе му служи на Бога како пастор, бил испратен во адвентистичкиот факултет во Заокски.

Анатоли смета дека дарот за јазиците, како и другите дарови на Духот, не се само зборови напишани во книгата Дела апостолски, кои се однесуваат само на првата христијанска црква.

„Бог е ист и денес, како што бил и вчера", вели тој.„Ако ги бараме Неговите дарови, Тој ќе ни ги даде. Зошто во својата средина ги немаме даровите на Духот? Одговорот е едноставен, затоа што не ги бараме".

Еден пријател еднаш му рекол на Анатоли дека никогаш не добил дар од Светиот Дух. Анатоли го прашал дали некогаш воопшто и побарал нешто. Зачуден од прашањето, го погледнал Анатоли и му рекол, „Не, никогаш ништо не сум барал".

Анатоли планира да се врати во Казахстан и да му служи на Бога како пастор по дипломирањето.

„Замислете, некогашното сиромашно казашко момче зборува толку многу странски јазици. Бог е голем".

Дел од даровите на 13-тата сабота ќе биде употребен за изградба на училишна зграда на кампусот на адвентистичкиот факултет Заокски. Во моментот училиштето ги дели училниците со факултетот, а вашите дарувања ќе направат децата да можат да стекнуваат образование во свои училници.

Ви благодарам што планирате да ги приложите своите великодушни дарови.

## Во врска со искуството

- Покажете го Заокски на картата на Русија. Овој град се наоѓа јужно од Москва. Покажете ги државите Казахстан, Киргистан и Аргентина на картата на светот.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од bit.ly/2021-ESD.



# Нова личност

РУСИЈА | 16 јануари 2021

**Андреј Абрамјан, 22**

Кога имав петнаесет години, летото го поминав во тренирање за да станам боксер. Еден ден, додека патував од дома до местото на кое тренирав, една мисла ми падна на памет, „Ти си болен!“

Ги наведнав рамењата од таа мисла. Дома, почнав да се чувствувам депресивно. Ги замолив родителите да ме однесат кај психолог. Но потоа сфатив дека би можел да бидам исклучен од училиштето, ако луѓето помислат дека сум ментално болен. Не отидов на советување.

Две недели подоцна, уште една вознемирувачка мисла ми дојде на ум. „Ќе умреш за еден месец“.

Се чувствував сè полошо и полошо. Мојот живот го изгуби секое значење. Во мојата околина сите сметаа дека барам внимание, но јас си имав голема мака и никој не ми веруваше. Не можев да сфатам што се случува.

Кон крајот од тој месец, баба ми ме стрижеше во нашиот дом. Додека ме стрижеше, јас плачев.

„Во ред е“, ми рече баба ми, која сметаше дека поминувам низ некои хормонални промени, „брзо ќе завршам со стрижењето“.

„Умирам“, реков.

Баба ми сметаше дека барам внимание, а јас всушност сакав да извршам самоубиство, но немав храброст да го направам тоа. Кога баба ми заврши со стрижењето, седна. Мајка ми седеше во близина. Јас останав да седам на столчето, гледајќи во таванот и тивко се помолив: „Боже, ако постоиш, помогни ми“.

Ништо не се случи.

Имав силна желба да одам во купатилото и таму да се убијам.

Во тој момент, видов како од таванот се спушта светлина која изгледаше како молња.

Светлината влезе во моите гради. Не можам да опишам како се чувствував. Беше пријатно. Ја почувствував вечноста во себе, иако сето тоа се одигра во дел од секундата.

Скокнав од столчето и извикав: „Слава на Бога! Бог ме исцели!“

Мајка ми и баба ми не ја видоа светлината, и ме гледаа загрижено.

„Смири се“, рече баба ми. „Сè ќе биде во ред“.

Со големо одушевување, ја прегрнав мајка им. Се чувствував како да не сум ја видел со недели.

„Бог ме исцели“, реков.

Истрчав до својот брат близнак, Вадим, кој седе-

## Во врска со искуството

- Замолете некое машко да го изнесе ова сведоштво во прво лице.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq)
- Презете ги мисионските постови и брзи факти од bit.ly/2021-ESD

## Мисионски информации

- Адвентизмот во Русија започнал како лаичко мисионско движење од страна на германските колонисти кои емигрирале од Русија во САД во 1870 година. По обратувањето во адвентизмот, почнале да испраќаат адвентистички публикации на германски јазик на своите роднини и пријатели во Русија.
- За време на „прогонството“ во раните триесетти години од минатиот век, многу проповедници адвентисти и верници на црквата во Русија биле апсени и прогонувани, често без никакви обвиненија. На преостанатите проповедници им биле укинати сите цивилни права, не добивале следување за храна и на нивните деца им било забрането школување. Покрај тоа, проповедниците биле принудени да плаќаат „професионална такса“, која често ги надминувала нивните приходи, принудувајќи ги да ги напуштат своите работни места.

## Брзи факти

- Русија се простира на единаесет временски зони.
- Русија го отвори патот кон вселенските патувања. Иако САД во 1969 година била прва земја која го испратила првиот човек на месечината, Советите го лансирале првиот сателит околу земјата во 1957 година, и го направиле првиот лет во вселената со човечка посада во 1961 година. Русија е првата земја што испратила вселенски брод на Венера и Марс, и прва земја што лансирала вселенска станица со човечка посада.

ше пред компјутерот. Му раскажав за светлината. „Бог ме исцели“, му реков.

Не ми веруваше. Мислеше дека измислувам приказни. Баба ми мислеше дека сум ментално болен.

Се свестив дека речиси бев на работ да извршам самоубиство, но Некој ме спаси. Во тој момент сфатив дека Бог постои. Тогаш започна моето долго патување до Исуса.

Денес студирам за да станам пастор на адвенстичкиот универзитет Заокски. Моето семејство е среќно поради мене. Тие велат дека јас сум сосема нова личност.

Верувам дека Бог донесе исцелување во мојот живот, и од тогаш повеќе не сум истата личност. Плачев пред Него и го молев, и Тој ме слушна. Го славам затоа што Тој е Бог кој слуша и одговара на молитвите.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на училишна зграда на кампусот на универзитетот Заокски. Во моментот училиштето дели училници со факултетот. Вашите дарувања ќе помогнат децата да стекнуваат образование во свои училници. Ви благодарам што планирате да приложите великодушни дарови за да се оствари нивната потреба.



# Создавање пријателство со Бога

РУСИЈА | 23 јануари 2021

**Маша, 17**

Кога Маша имала 5 години, нејзината постара сестра се крстила во сибирскиот град Новокузњецк во Русија.

Маша внимателно гледала додека нејзината сестра била нурната во базенот за крштевање. Го слушнала пасторот и другите верници на црквата како го поздравуваат овој чин. Сметала дека крштавањето е еден прекрасен настан и размислувала за тоа цела година.

Кога имала 6 години, одлучила дека е доволно возрасна за да се крсти.

„Сакам да бидам крстена“, ѝ рекла на мајка си.

Но, тогаш се замислила. Можеби на 6 години било премногу рано за да се крсти, но на 10 години, тоа звучи многу подобро. Тогаш Маша одлучила да почека додека не наполни 10 години.

Годините поминувале. Како што се приближувал нејзиниот десетти роденден, се сетила на својата одлука, и доаѓајќи кај пасторот, му рекла: „Сакам да бидам крстена“.

Пасторот бил среќен што донела таква одлука и ја повикал да се придружи на класата за крштавање, заедно со други осум деца. Во класата било многу интересно. Меѓутоа, по една година, кога Маша имала 11 години, пасторот бил префрлен во друга црква.

Новиот пастор одбил да ја крсти, и ѝ рекол, „Жал ми е, но премногу си млада.“

Маша многу се разочарала. Не му се обраќала на новиот пастор некое време.

Кога наполнила 12 години, одлучила повторно да праша дали може да биде крстена. Пасторот се согласил и ја повикал да се придружи во неговата класа за крштавање. Маша доаѓала 4 месеци, но од некоја причина, во таа класа повеќе не ѝ било интересно. Размислувала за тоа колку долго сакала да биде крстена и како пасторот одбил да ја крсти. Престанала да доаѓа во класата за крштевање и размислувала за тоа да ја напушти црквата.

Надвор од црквата, Маша не уживала во своето ново училиште, ниту во својот живот. Немала многу пријатели. Иднината ѝ изгледала мачна и магловита.

Еден ден, мајка ѝ ја прашала Маша дали би сакала да оди во адвентистичкото интернатско училиште Заокски. Таа копнеела за нов почеток со нови луѓе, и го прифатила предлогот.

Во текот на летото, пред да почне школската година, конечно била крстена. За време на летниот камп забележала дека таа е единствената тинејџерка што не е крстена. Таа се крстила на 16 години. Меѓутоа, животот не ѝ се променил по крштавањето. Била истата личност како и порано.

Во првите неколку седмици во училиштето Заокски била осамена. Маша не била сигурна на кој начин се стекнуваат пријатели. Се чувствувала тажно. Еден студент по теологија на универзите-

тот Заокски, кој се наоѓа на истиот кампус, ја забележал нејзината осаменост, ѝ пристапил и ѝ рекол: „Бог ги познава нашите потреби. Тој секогаш е тука близу, и можеме да разговараме со Него како со пријател“.

Таа немала многу блиски пријатели,и одлучила да се обиде да разговара со Бога. Пронашла тивко место, и го излеала товарот на своето срце пред Бога.

„Прости ми што не разговарав со Тебе толку долго“, рекла таа плачејќи. „Жал ми е што не те запознав вистински. Згрешив што му бев лута на пасторот затоа што не сакаше да ме крсти“.

Тогаш нејзиното срце се исполнило со мир додека продолжувала да се моли. За прв пат во својот живот, почувствувала дека Бог е близу.

## Во врска со искуството

- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq)
- Целото име и презиме на Маша не е наведено бидејќи таа е малолетна.

## Брзи факти

- Бабушка е шуплива дрвена кукла која може да се расклопи и во која се наоѓа иста таква кукла, но помала, па во другата уште една помала итн. Обично во целото пакување има 6 дрвени куклички. Обликот на куклата е цилиндричен и со шарена декорација. Најчесто може да се види како претставува девојка од село во традиционална народна носија. Можат да се најдат и бабушки кои претставуваат политички фигури или некои ликови од бајките.
- Традиционалната руска кујна е разновидна, рефлектирајќи ја големата територија на оваа држава. Кујната главно се базира на храна која е наменета за луѓето што живеат во тешки климатски околности, со доста протеини од месо и јаглеродни хидрати од различни зрна ‘рж, јачмен и пченица. Преовладуваат чорби и гулаши од зеленчук, месо и риба. Во изминатите векови, многу кулинарски техники се увезени од странство и прилагодени кон руската кујна.
- Во текот на 20 век, особено за време на советскиот период, Русија била колевка на многу меѓународно признати балетски играчи, меѓу кои се Ана Павлова, Васлав Њижински, Маја Плијетскаја, Рудолф Нурејев и Микаил Баришников.
- Бајкалското езеро во Сибир е најголемо езеро по површина на светот со 23,615 m3 вода. Тоа е речиси 1/4 од светските извори на вода за пиење. Во својота најдлабока точка достигнува 1,642 метри длабочина, што го прави и најдлабоко езеро на светот.

Од тој момент, животот за неа не бил повеќе ист. „Порано, постојано копнеев за пријатели, но сега имам Пријател со кого можам да разговарам во кое било доба, и не треба да Го барам, за да разговарам со Него“.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на христијанското училиште Заокски на кампусот на адвентистичкиот универзитет Заокски. Во моментов училиштето дели училници со универзитетот.

Вашите дарувања ќе помогнат децата на школска возраст да стекнуваат образование во своја училишна зграда.



# Најголемиот ден во животот на Иван

РУСИЈА | 30 јануари 2021

**Иван Шаронов, 2**

Животот изгледал совршен сѐ до еден ден, кога Иван наполнил 22 години.

Прво, имал голема расправија со својата мајка за време на посетата во својот роден град Казањ во Русија. А потоа неговиот станодавец му дал отказ за станот што го изнајмувал во близина на универзитетот во Казањ. Тоа попладне паднал на испит на универзитетот. Подоцна тој ден, полицијата го запрела додека одел кон куќата на својата мајка и открил дека веќе имал една неплатена казна поради брзо возење.

„Не сте ја платиле казната“, рекол полицаецот. „Сега ќе мора да одите на суд“.

Полицаецот ја задржал возачката дозвола на Иван, и му рекол да оди со него до судот. Во судот, полицаецот го објаснил случајот на Иван. Судијата строго го информирал Иван дека имал две опции:

- веднаш да ги плати двете казни
- или да оди во затвор на 15 дена.

Иван не можел да поверува што му се случува. Додека судијата му се обраќал, низ неговиот ум поминувале слики за крајот на светот и Судниот ден.

„Ако не се покаам сега и ако не се вратам кај Бога, ќе завршам на погрешната страна на Судниот ден“, размислувал.

Иван не бил растен во христијански дом, но верувал во Бога. Неговата мајка била крстена во Христијанската адвентистичка црква кога тој бил тинејџер, и една година заедно со неа одел на собирањата на една мала група адвентисти. Меѓутоа, кога тргнал на универзитет, заборавил на Бога.

Сега во судот, имал доволно средства за да ја плати казната. Кога ја добил назад својата возачка дозвола, внимателно возел до куќата на својата мајка.

Еден ден подоцна, добил висока температура, и лежел в кревет во наредните 3 дена, чувствувајќи се многу лошо. Ја отворил Библијата и неговите очи застанале на стихот: „Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придодаде“ (Матеј 6,33).

Исусовите зборови го допреле неговото срце. Никогаш порано не ги забележал. Сфатил дека своите студии, па дури и семејството, ги ставал над Бога. Иако и понатаму имал висока температура, сакал да излезе од дома и да пронајде некое тивко место на кое би бил со Бога. Отишол на едно тивко место во близина на реката.

Таму ја отворил сводата душа и го излеал своето срце пред Бога. „Сакам да Ти се вратам“, се молел искрено.

Од тој момент, Иван почнал да го става Бога на прво место во својот живот пред сè друго. Се молел доста. Ја читал Библијата наутро и навечер. Ја прочитал книгата „Рани списи“, и други книги од Елена Вајт. Бил крстен и станал водач на младите во црквата.

Пред да му го предаде своето срце на Бога, организирал високо успешен фитнес клуб во Казањ. Градските власти го забележале неговото залагање и го повикале да организира јавни вежби за време на локалните празници. Дури и локалните весници известувале за тоа.

Сега, престанал со работа во тој фитнес клуб, и основал нов, во кој работел само со деца. Набргу на тренинзите имало дваесетина деца кои бесплатно вежбале во паркот. Децата забележале дека Иван го сака Исуса и почнале да му поставуваат прашања. Една шеснаесетгодишна девојка почнала да доаѓа во црквата.

Откако дипломирал на универзитетот како инженер, почувствувал дека Бог го повикува да студира теологија и да стане пастор.

Се преселил на адвентстичкиот универзитет Заокски, каде денес е студент на трета година на теологија. Секое лето, оди во Казањ, за да ги тренира децата да бидат физички подготвени. Тој организира активности во локалната средина, како што е чистење на ѓубрето од градските улици.

Иван нема некои лоши спомени од тој ден пред 5 години. „Тогаш тоа за мене беше само еден лош ден, но сега сфаќам дека всушност, тоа бил најдобриот ден во мојот живот, бидејќи Бог ме употеби за да ми пружи спасение“.

## Во врска со искуството

- Пронајдете го Заокски на картата на Русија. Се наоѓа јужно од Москва. Пронајдете го и градот Казањ.
- Преземете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од bit.ly/2021-ESD.

## Брзи факти

- - Во 1885 година царот Александар III порачал од Петер Карл Фаберже, јувелир од Санкт Петерсбург за да направи златно јајце што ќе ѝ го подари на својата сопруга Марија за Велигденските празници. Златното јајце можело да се отвори и во него се наоѓала златна жолчка, која се отворала и во неа се наоѓало мало златно петле, а во него реплика на царската круна направена од дијаманти. На Марија толку многу ѝ се допаднал подарокот, и Александар го поставил Фаберже како свој официјален царски златар. Секоја година правел ново и уште подобро украсно јајце за Марија. По смртта на Александар, во 1894 година, неговиот син Николај I ја продолжил оваа традиција на подарување златни јајца на својата мајка, како и на својата сопруга Александра. Од вкупно 52 направени јајца, зачувани се 46.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на христијанското училиште Заокски на кам-

пусот на адвентистичкиот универзитет Заокски. Во моментов училиштето ги дели своите училници со универзитетот.

Вашите дарувања ќе помогнат децата да стекнуваат образование во своја училишна зграда. Меѓу учениците во ова интернатско училиште е и девојката што дошла во црква со посредство на фитнес-клубот на Иван. Ви благодарам што планирате да приложите великодушни средства за ширење на Евангелието.



# Судар што го променил животот

РУСИЈА | 6 февруари 2021

**Олга Ношин, 34**

С[illegible] несреќа целосно го нарушила одморот на Олга и Роман на Црното Море.

Младата брачна двојка, која била венчана само три години, се возела со автомобилот меѓу морските градови, кога Роман промашил едно исклучување од патот. Забавил и направил полукружен маневар среде патот. Бел Мерцедс, кој се движел по нагорнината на патот, налетал од страна на нивниот Фолксваген. Фолксвагенот се вртел околку оската, што за нив изгледало како цела вечност. Конечно, кога застанал, можело да се види дека сите прозорци биле искршени а вратите вдлабнати. Олга и Роман од искршената кола се извлекле низ предниот искршен прозорец. Не им фалело ниту влакно од главата, но автомобилот претрпел огромна штета.

Го погледнале и другиот автомобил. Автомобилот исто така бил доста оштетен, но возачот бил добро.

Сообраќајната полиција дошла и сметала дека Роман е одговорен за оваа сообраќајна несреќа. Тој ја држел својата глава меѓу дланките.

„Ќе изгубиме неколку години од нашиот живот отплатувајќи ја штетата на Мерцедесот“, рекол.

## Во врска со искуството

- За Олга погледнете на јутјуб: bit.ly/Olga-ESD. или (со превод на српски јазик) на subotnaskola.org/vesti."
- Преземете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq)
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти bit.ly/2021-ESD

## Брзи факти

- Руските писатели Лав Толстој и Фјодор Достоевски, според многу литературни критичари, се сметаат за најголемите писатели на своето време.

Роман имал минимално осигурување, а тоа не ги покривало трошоците за поправка на скапоцениот автомобил. Олга отишла до блиското лозје крај патот. Паднала на колена и се молела: „Господе, помогни ни“. Ги отворила своите очи и станала. Искршените автомобили и понатаму стоеле на патот.

Возачот на другиот автомобил, Муса, разговарал грубо со Роман. „Дај ми ги твоите документи. Плати ми ја штетата на автомобилот и ќе ти ги вратам документите“, рекол.

Роман ја дал својата возачка дозвола откако полицијата завршила со документите. Некој дошол по Муса.

Роман и Олга не можеле да го продолжат патот. Додека ја чекале шлеп-службата, отишле во лозјето да поразговараат.

Во нивниот однос постоеле некои тензии веќе неколку седмици, а сега емоциите испливале на површината.

Олга сфатила дека биле близу до развод. Брачната двојка барала проштавање еден од друг и од Бога. Таа вечер Олга и Роман ја поминале ноќта под ведро небо на брегот на морето. Изутрина, Муса им се јавил по телефон и ги повикал да дојдат во неговиот дом. Тој имал и друг автомовил, и ги возел цела наредна седмица, додека ги завршувале работите околу осигурувањето и другите правни работи. Бил изненаден кога дознал дека Олга и Роман не јадат месо. Неговото изненадување било уште поголемо, кога дознал и дека не пијат алкохол.

„Вие сте некои чудни луѓе“, рекол. „Кои сте вие?“

„Ние сме христијани, адвентисти“, одговорила Олга.

„Без шега“, рекол. Вие сте вторите адвентисти што сум ги запознал во мојот живот“.

Се покажало дека Муса не е христијанин, и дека имал две жени. Тој исто така бил исполнет со грижа на совеста. На своите гости им рекол дека ја натерал својата втора жена да абортира само неколку дена пред несреќата.

„Јас мислам дека оваа несреќа ми дојде како Божја казна“, рекол.

Посакал да го има автомобилот што го возел и го купил една седмица пред несреќата.

Олга и Роман ги повикале своите пријатели, дома во Заокски, да им позајмат пари да ја платат штетата. Во наредните три дена собрале пари, но пријателите продолжиле да им се јавуваат да им нудат пари или некоја друга помош.

Муса слушнал еден таков телефонски повик и заплакал. „Јас сум богат“, рекол. „Имам многу познанства. На многу луѓе им помогнав да заработат многу пари, но никој од моите пријатели не ме повика да види дали сум добро по сообраќајната несреќа. Вие сте сиромашни и немате ништо, но вашите пријатели се грижат за вас“.

На крајот од таа седмица, парите биле предадени на Муса, а тој му ја вратил возачката дозвола на Роман. Изјавил дека било потребно да оди во некој друг град на неколку дена – во истиот оној град каде што Олга и Роман се упатиле на летување. Ги поканил да бидат негови гости.

Олга и Роман наредните два дена ги поминале во најлуксузната куќа во која некогаш воопшто биле. Потоа со воз се вратиле назад во Заокски.

Наредната година била многу тешка додека ги враќале своите долгови, но Олга му била благодарна на Бога за оваа сообраќајна несреќа. Тој го сочувал нивниот брак. Додека му се заблагодарувала на Бога, таа добила покачување на својата плата на работа, а Роман добил нова работа со повисока плата. Можеле да ги отплатат своите долгови за само една година.

„Ние никогаш ништо не сакавме, Бог ни обезбедуваше сè што ни беше потребно“.

Олга била меѓу првите деца во христијанското училиште Заокски, запишувајќи се во прво одделение во основното училиште на универзитетот Заокски.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на христијанското училиште Заокски, на кампусот на адвентистичкиот универзитет Заокски. Во моментов училиштето ги дели училниците со универзитетот.

Вашите дарувања ќе помогнат децата да стекнуваат образование во своја училишна зграда.



# Отсуствување од училиште поради црквата

РУСИЈА | 13 февруари 2021

**Ана Кижњакова, 32**

Единаесегодишната Јелена одела од училиштето во својата куќа во Дмитровград во Русија едно саботно попладне кога одеднаш се сетила дека некогаш одела во црква во сабота.

Не размислувала за црквата долго време, а не ни знаела зошто сега размислува за тоа. Меѓутоа, некоја необична желба да оди во црква го исполнила нејзиното срце. Ја повикала својата мајка на мобилниот телефон.

„Мамо, дали се сеќаваш дека одевме во црква во саботите?“ – ја прашала. „Дали можам сега да одам?“

„Секако дека можеш“, одговорила мајка ѝ. „Не треба да ме прашуваш“.

Јелена дошла точно на проповедта. Седнала на седиштето во задниот дел од црквата и слушала.

По проповедта, ја видела својата стара саботношколска учителка.

„Дојди повторно“, рекла учителката.

Јелена срамежливо се насмевнала. Сакала повторно да дојде.

Нејзините родители се развеле кога таа била мала, а тие ја воделе во црква до нејзината петта година. За да не се гледаат во црк-

вата, престанале да одат. Јелена одела во државното училиште шест дена неделно, од понеделник до сабота.

Наредната сабота околу 13 часот, откако завршиле часовите, Јелена веднаш се упатила кон црквата. Не ја разбрала проповедта, но се обидела себеси да си ја објасни. Го сакала тоа чувство да биде во црквата во која доаѓала како мало девојче. Ѝ се допаѓало да биде меѓу другите деца во црквата.

По некое време, таа почнала да отсуствува од часовите за да може порано да дојде во црква. По еден месец, таа ја повикала својата сестра Оксана да ѝ се придружи во црквата. Оксана имала 13 години, и се согласила заедно да одат во црквата. Тогаш мајка ѝ забележала дека и Јелена и Оксана одат во црква и посакала и таа да им се придружи.

Меѓутоа, тогаш некои деца од црквата заедно со своите родители се преселиле некаде и престанале да доаѓаат во црква. Мајка ѝ исто така престанала да оди во црква. И Јелена престанала да доаѓа секоја сабота.

Еден верник од црквата забележал дека Јелена не доаѓа редовно, и ја прашал дали може да му помогне околу озвучувањето во салата. Таа се согласила, и сега морала да оди секоја сабота, бидејќи била потребна за помош околу озвучувањето.

## Во врска со искуството

- Јелена не е идентификувана под своето полно име бидејќи списанието „Адвентистичка мисија“ не објавува презимиња на малолетни лица.
- Погледнете го видеоклипот на јутјуб со Јелена на линкот: bit.ly/Yelena-ESD
- Симнете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти bit.ly/2021-ESD.

## Брзи факти

- Народните игри претставуваат значаен дел од руската култура. Една од најпознатите е „Казачок“ – игра во клечење, во која мажот клечи со рамно торзо, наизменично клечејќи и пружајќи ги нозете во ротамот на музиката. Музиката обично е многу брза, а изведувачите мораат да имаат силни нозе и добра рамнотежа.
- Од 9 – 11 век, она што денес се нарекува Русија, било освоено од страна на викинзите кои во тој дел од светот биле познати како Варангиани.

Додека одела, почнала редовно да ја чита Библијата и книгите на Елена Вајт. Посебно ѝ се допаднала „Големата борба“.

Кога мајка ѝ видела дека Јелена ја сака саботната школа и дека се спријателила со возрасните верници, одлучила повторно да доаѓа во црква.

Една сабота, по обредот Господова Вечера, мајката се свртела кон Јелена поставувајќи ѝ сериозно прашање, „Дали сакаш да бидеш крстена?“

Јелена веќе размислувала за тоа, и ѝ рекла дека сака да му го предаде своето срце на Исуса.

Јелена почнала да оди во класата за крштавање и да ги проучува основните вистини. Водата за крштавање во базенот била многу студена, но тоа не ја попречило и таа ја чувствувала топлината на радоста кога излегла од неа. Тогаш ја донела најдобрата одлука во својот живот – му го предала своето срце на Исус.

Јелена никогаш повеќе не отишла на училиште во сабота. Мајка ѝ му напишала писмо на директорот, замолувајќи Јелена да биде ослободена од наставата во сабота, за да може да го прославува Бога. Училиштето ѝ излегло во пресрет, но Јелена морала да ги учи лекциите од сабота, борејќи се да стекне добри оценки.

Денес, саботниот училишен ден повеќе не претставува проблем. По таа училишна година, Јелена дознала за Заокски христијанското интернатско училиште, кое е оддалечено 1000 киломери од нејзиниот роден град.

Не можела да ја плати школарината, но еден верник од црквата се понудил да ѝ помогне. Денес, таа има 16 години и е ученичка во единаесетто одделение.

„Прекрасно е да се учи на ова место. Учителите се љубезни, и ми помагаат околу учењето. Многу сум среќна што немаме настава во саботите“.

Дел од даровите за 13. сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на Заокски христијанското училиште, на кампусот на универзитетот Заокски. Во моментот училиштето ги дели училниците со универзитетот.

Вашите дарувања ќе помогнат децата да стекнуваат образование во своја училишна зграда.

Ви благодарам што планирате да приложите великодушни средства за дарот на 13. сабота. Ве молиме во своите молитви да се сетите на децата кои се школуваат во ова училиште.



# Воодушевениот лекар (Саботна сообраќајна несреќа)

РУСИЈА | 20 февруари 2021

**Ана Кижњакова, 32**

Повеќе од сè друго, шеснаесетгодишната Ана сакала интернет во својот дом во оддалеченото село на далечниот исток од Русија.

Тоа било во 2003 година, а таа не сакала да биде без тој нов феномен.

Едно саботно утро, татко ѝ и мајка ѝ се согласиле да ја однесат Ана во продавницата да купи модем. Тие не биле адвентисти. Меѓутоа, Ана, била крстена една година порано, откако дознала за Исус од својата баба. Знаела дека не е во ред да оди да купува во сабота, но толку многу сакала интернет.

Последната работа на која се сеќава е дека излегла од дома и седнала во автомобилот.

Баба ѝ подоцна ѝ раскажала што се случило.

Татко ѝ возел пребрзо по лизгавиот зимски пат кон продавницата. Во еден момент изгубил контрола над возилото, и тоа преминало во спротивната лента и директно се судрило со камионот што им доаѓал во пресрет. Таткото и мајка и им подлегнале на повредите, возачот на камиот имал скршена нога. Ана била хоспотализирана и паднала во кома. Докторите зборувале дека нема да преживее.

Баба ѝ постела и се молела, и ги замолила и другите верници од црквата да ѝ се придружат во молитвите. Докторите се изненадиле кога Ана, по три дена, се разбудила од кома и брзо закрепнала. По два месеци таа се вратила назад во училиштето, завршувајќи го десеттото одделение (втора година од средното образование) заедно со својата генерација.

Баба ѝ се преселила кај Ана во нејзиниот дом во селото Новошатинск во областа Приморје, пружајќи и физичка и духовна поддршка.

Меѓутоа, Ана тонела во мрачна тага, обвинувајќи се себеси за смртта на своите родители. Не го обвинувала Бога. Знаела дека Тој не предизвикува смрт. Но, знаела и дека било погрешно да се оди на купување во сабота. Сакала да може да им каже на своите родители тој ден да останат дома. Можеле да почекаат да помине сабота за да го приклучат интернернетот. Себеси се обвинувала за нивната смрт.

Мрачната вина ја следела Ана и кога се преселила во пристанишниот град Владивосток на универзитетот. Одела во една адвентистичка црква во градот, но не секоја сабота. Одела доволно често за да ја направи баба си среќна. Била свесна дека не живее побожен живот, но нејзиното чувство на вина само растело.

Баба ѝ се молела за Ана и секојдневно ѝ се јавувала.

„Дали ја читаше Библијата денес?“ – ја прашувала нежно.

„Ако Ана одговорела дека читала, баба ѝ ја прашувала што конкретно читала. „Дали се молеше денес?“ – прашувала. „Немој да заборавиш да се молиш“.

Баба ѝ барала од Ана со неа да ги сподели сите двоумења и проблеми, молејќи се за неа преку телефон.

На универзитетот, Ана запознала еден адвентистички професор кој ѝ помагал во домашната работа. Професорот исто така се молел за неа, замолувајќи во црквата и тие да се молат за неа.

Ана се сетила на своето крштавање и почнала да се моли да ѝ биде простено.

„Јас гледам дека мојот живот оди по погрешен пат. Свесна сум дека живеам во темнина. Животот без Тебе е празен. Помогни ми да стекнам добри пријатели во црквата. Направи да бидам пријатна, да бидам отворена. Помогни ми да не заборавам да се молам и да ја читам Библијата“.

Почнала редовно да разговара со Бога. Ја прочитала книгата на Елена Вајт, „Големата борба“ што ѝ ја дала баба ѝ. Увидела со кои потешкотии се соочувале Мартин Лутер и другите реформатори. Сфатила дека Бог им простува и на најголемите грешници. Престанала да ги практикува своите лоши навики.

## Во врска со искуството

- Преземете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и брзите факти од bit.ly/2021-ESD.

## Брзи факти

- Русија е најголема држава на светот. Таа се простира на 17 милиони km2 и зазема речиси 1/10 од површината на копното на нашата планета.

Ана почнала редовно да ѝ се јавува на баба си, наместо да чека да биде повикана.

Нејзината вера напредувала, радосно одела секоја сабота во црква да се дружи со Бога. Ја прифатила вистината дека Бог ѝ ги простил гревовите, и не сакала повеќе да се сеќава на нив. Голем товар паднал од нејзиното срце.

Денес Ана има 32 години и работи како универзитетски професор. Таа исто така е водач на извидниците и секретар на црквата. Таа не знае од која причина се случила несреќата, но повеќе не е загрижена за тоа.

„Многу луѓе ми велеа дека несреќата не се случила по моја вина, но сметам дека работите не се случуваат случајно. Дури и сообраќајната несреќа да се случила случајно, останува фактот дека се случи во сабота. И денес понекогаш размислувам што би се случило . Факт е дека несреќата се случи и дека тоа доведе до промени во мојот живот. Живеев еден живот пред несреќата, а друг живот по неа.“

Ана е благодарна на молитвите на баба ѝ која има 80 години, како и за молитвите на другите верници. Тие ѝ помогнале да се промени нејзиниот живот.

„Знам дека многу мои проблеми се решени благодарение на молитвите на верниците на црквата. Ништо на овој свет не е вредно во животот без Бога“.

Дел од даровите од 13. сабота пред три години бил употребен за изградба на нова црковна зграда за црковната заедница на Ана во Владивосток. Ви благодарам што ја поддржувате христијанската адвентистичка црква во Владивосток со своите великодушни мисионски дарови и молитви.



# Благодарност на Бога за трпезата

ПРИКРИЕНА ДРЖАВА | 27 февруари 2021

**Динара**

Седумгодишната Динара случајно ја налутила својата мајка за време на вечерата. Динара ја подигнала својата чинија полна со макарони и кромид од масата и рекла,

„Мамо, дали знаеш дека Бог ни ја дал оваа трпеза?“

Мајка ѝ била шокирана.

„Што зборуваш“? – ѝ рекла.

„Тоа нема врска! Татко ти напорно работеше и ја купи оваа маса во продавницата. Престани да зборуваш бесмислено“.

Динара била упорна.

„Не, ми рекоа дека тоа Бог го направил“, изјавила.

„Кој ти го кажа тоа“ – прашала мајка ѝ, која, како и многу други луѓе во оваа дрќава не била христијанка. „Каде и кога слушна дека Бог ни ја дал оваа маса?“

Динара ѝ објаснила дека сите деца од прво одделение учеле за добрината во своето државно училиште. Учителот, кој бил христијанин адвентист, за време на часот им зборувал на децата за Бога.

„Сè што имате во вашата куќа е од Бога“, рекол учителот. „Треба да бидете благодарни“.

Динара сметала дека била корисна, затоа што го поделила ова ново сознание со мајка ѝ. Меѓутоа, мајка ѝ била лута, и го прекорила девојчето дека не го почитува својот татко кој напорно работел за да ја купи масата.

„Ќе одам утре во училиштето да видам што учат децата за Бога“, рекла таа.

Мајка ѝ подигнала бура во училиштето наредниот ден, а во целата приказна ги вклучила и другите родители.

Директорот на училиштето ѝ ветил дека никој повеќе нема да го спомнува Бог на наставата.

Галамата предизвикана од нејзината приказна, оставила длабок впечаток на Динара. Иако никој повеќе не го спомнувал Бог во училиштето, таа често мислела за Него.

Поминале девет години. Семејството купило нова куќа. Динара имала 16 години, кога во новата куќа пронашла искинатата детска Библија. На оваа светлосина книга ѝ недостигале повеќе од половина страници. Но, она што било останато, таа го читала со голем интерес. Многу од тоа што го читала не го разбирала, но сфатила дека книгата зборувала за Бога. Копнеела да ја чита целата Библија.

Поминале уште три години, и Динара почнала да учи англиски јазик во едно адвентистичко училиште, а учителот ги повикал сите ученици, меѓу кои била и таа, да дојдат во црквата на саботно богослужење.

„Ако сакаш, дојди на нашиот состанок следната сабота", рекол учителот.

Динара отишла на состанокот. Било интересно. Луѓето се молеле, разговарале за Библијата и пееле песни. Неколку странци присуствувале на овој состанок. Таа го користела своето знаење од англискиот јазик во разговорот со нив.

Динара некое време присуствувала на состаноците секоја сабота. За тоа време, таа се омажила за човек кој верувал дека седмиот ден е саботата и бил среќен што може да оди со неа на состаноците, кога не работел.

Меѓутоа, Динара се чувствувала сè понепријатно и понепријатно. Една сабота, додека седела на духовниот состанок ѝ дошла една мисла на ум.

„Дали ја правам вистинската работа?" „Што правам овде? Мојот народ не е христијански".

Престанала да оди во црква. Сакала да оди, но се плашела.

Гледајќи ја нејзината борба во текот на еден подолг временски период, нејзиниот сопруг Николај ја прашал, зошто не оди на саботното богослужение. Динара му ги објаснила своите колебања.

„Моите родители веруваат дека нема друг Бог освен нивниот", рекла таа.

„А зошто си исплашена?" – ја прашал Николај.

## Во врска со искуството

- Динара е псевдоним. Таа живее во „прикриена“ држава во која списанието „Адвентистичка мисија“ не ги наведува вистинските идентитети на луѓето, поради чувствителноста на нивната околина во врска со христијанството.
- Преземете ги мисионските постови и брзите факти од bit.ly/2021-ESD

„Постои само еден Бог. Нема причина да бидеш исплашена“.

Динара рекла дека смета оти на нејзиниот народ му е дозволено да ја чита само нивната традиционална света книга, а таа имала голема желба да ја чита Библијата.

Николај ѝ покажал дека нивната традиционална света книга и Библијата имаат многу заеднички работи.

Тогаш Динара рекла дека е загрижена што нејзиниот народ го слави Бога во традиционалните домови за богослужение, а имала желба да оди во адвентистичкиот дом на богослужение.

„Тоа не е проблем“, изјавил Николај. „Можеш да одиш и на двете места. Биди слободна да одиш на богослужение со адвентистите. Ништо не те спречува“.

Динара продолжила да го прославува Бога со адвентистите, предавајќи му го набрзо и своето срце на Христа.

Денес, таа е среќна што може да ја чита Библијата кога ќе посака. Таа му е благодарна на Бога за Библијата и за сè во својот дом.

„Јас сум му благодарна на Бога цело време! Од моментот кога ќе се разбудам наутро, до вечерта кога заминувам на спиење, јас сум му благодарна на Бога за животот, за храната, па дури и за масата. Сè што е добро доаѓа од Бога“.

Ви благодарам што со своите молитви и мисионски дарувања го поддржувате образованието на Христијанската адвентистичка црква во Евроазиската дивизија на Генералната конференција.



# Спортовите го менуваат животот

КИРГИСТАН | 6 март 2021

**Жезус Максимилиано Гомез, 24**

Жезус речиси умрел за време една комплицирана операција на рамото за да ја излечи спортската повреда. По операцијата, почувствувал силна желба да направи нешто за Бога.

Но, што?

Решил да му се заблагодари на Бога така што еден месец ќе работи како колпортер откако дипломирал на универзитетот River Plate во Аргентина.

Одлучил сета своја заработка да ја подари на адвентистичката црква.

За време на својата последна година од студиите, Жезус увидел дека навистина му е тешко да учествува во гимнастиката. Неговото рамо постојано излегувало од лежиштето. Професорите го предупредиле дека нема да може да дипломира на отсекот за физичко образование ако не ги исполни сите норми.

Докторот го посоветувал да ја промени темата на својот дипломски испит.

„Ако продолжиш да учествуваш на гимнастичките вежби, твоето рамо ќе биде во многу полоша состојба“, рекол докторот.

Жезус не сакал да ја промени темата на својот дипломски испит сега кога бил толку блиску до дипломирањето. А, всушност и немал пари да го промени дипломскиот испит и да остане на универзитетот уште неколку години.

Додека размислувал за својата иднина, еден негов пријател, Маркос, го прашал што планира да работи по дипломирањето.

Жезус му рекол за својата идеја да работи еден месец како колпортер и сета своја заработка да ја подари на адвентистичката црква.

На Маркус му се допаднала идејата, но имал уште подобра, „Зошто не одиш во Киргистан?“

Маркос работел како волонтер во период од една година во едно

адвентистичко училиште во Киргистан.

Жезус никогаш не размислувал за тоа да помине половина свет, но му се допаднал предлогот. Се молел за овој предлог, ветувајќи му на Бога дека ќе отиде во Киргистан ако ја заврши таа година од своите студии.

Кога дошло време за полагање на завршниот испит од гимнастика, Жезус се молел на Бога за помош за да ги направи навидум невозможните вежби. На негово изненадување, можел успешно да ги исполни сите вежби.

По некое време, докторот ја проверувал состојбата на неговото рамо и бил изненаден. Старата рана потполно заздравела. Тоа било вистинско чудо.

Еден месец подоцна, Жезус дипломирал и бил во авионот за Киргистан.

Кога стигнал во адвентистичкото училиште во Токмок, бил поставен на чело на организацијата за часови по физичко образование. Тој бил избран да биде и фудбалски тренер за децата од соседството. Децата фудбалери се собрале во новата спортска сала во училиште-

## Во врска со искуството

- Преземете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од bit.ly/2021-ESD

## Мисионски информации

- Киргистанската мисија е дел од Јужната унија на мисијата во рамките на Евроазиската дивизија. Во Киргистан функционираат 11 цркви и 12 групи на верници со вкупно 644 верници на црквата, што на популација од 6,457,000 жители прави однос од 1 адвентист на секои 9,724 луѓе.
- Околу 90% од населението е од исламска вероисповест. Кригистанската мисија ја основала службата за адвентистичко-исламски односи.

## Брзи факти

- Главен град на Киргистан е Бишкек, некогашен „Пишпек“ (преименуван за време на советската власт). Се наоѓа на северот на државата. Тоа некогаш било утврдување кое ги контролирало караванските рути во тој предел. Градот денес има нешто повеќе од милион жители.
- Знамето на Киргистан е претставено со жолто на црвена позадина. 40 зраци на сонцето ги претставуваат 40-те племиња обединети во 9 век, под водство на Манас, за борба против продирачклите Ујгури. Дијагоналните линии во центарот на сонцето го претставуваат врвот на јуртата, традиционалниот шатор на номадите во централноазиските степи.

то изградена во 2017 година од средствата собрани од даровите на 13-тата сабота.

Меѓутоа, тука не е крајот на приказната. Додека Жезус и децата играле, тој забележал голема промена во нивното однесување. Момчињата кои порано постојано се расправале и меѓусебно се тепале, престанале да прават така кога тренерот им рекол дека сите се браќа и сестри и дека не треба да се тепаат.

Кога видел дека некои од момчињата пијат алкохол, ги посоветувал да не го прават тоа.

„Тоа е лошо за вашето тело“, им рекол. Момчињата навистина престанале да пијат.

Мило му е што посветил една година од својот живот за да волонтира во Киргистан.

„Можам да забележам големи промени во животот на моите ученици. Покрај тоа, не изгубивме ниту еден натпревар кога игравме со екипите од другите училишта“.

Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота беше употребен за изградба на адвентистичка гимназија во Токмок, во Киргистан.

*Ви благодарам што го поддржувате адвентистичкото образование во Киргистан и ширум Евроазиската дивизија.*



# Книгата и училиштето

КИРГИСТАН | 13 март 2021

**Татјана Соколовскаја, 72 и Андреј Соколовски, 37**

Татјана застанала пред книжарницата со половни книги, на својот до работното место во адвентистичкото училиште во Токмок во Киргистан.

Таа почнала да предава руски јазик и литература, откако неочекувано добила понуда да почне да работи тука.

Додека ги плаќала книгите што ги зела, продавачот зел една книга и ѝ рекол, „Оваа книга ви ја подарувам“,

Татјана не сакала да ја одбие бесплатната книга. Ја зела книгата, ги платила останатите и ги ставила во својата торба. Дома, од љубопитност, ја погледната бесплатната книга. Нејзиниот назив бил „Големата борба“. Никогаш порано не слушнала за авторот Елена Вајт. Ја отворила книгата и на последната страница видела контакт информации за човекот по име Павел Носков. На нејзино изненадување, адресата наведена во контакт информациите, била иста како и нејзината адреса.

Наредните неколку дена размислувала за тоа дека Павел всушност е нејзин сосед. Забележала и дека учителката во училиштето во кое работела имала исто презиме како и Павел. Татјана ја однела книгата во училиштето и ѝ ја покажала на учителката.

„Дали вие сте сопругата на Павел?“ – ја прашала.

„Да“, одговорила Ирина. „Павел е мојот сопруг“.

Татјана дознала дека тие се христијанско семејство и одат во црква секоја сабота. Ирина ги поканила Татјана и нејзиниот возрасен син, Андреј, да дојдат кај неа, и да поразговараат со неа и со нејзиниот сопруг Павел.

За време на еден од тие состаноци, Павел рекол дека адвентистите ја прифаќаат Елен Вајт како омилен духовен автор и пророк. Заинтересирана од оваа информација, Татјана ја прочитала „Големата борба“ со големо внимание.

Таа и Андреј почнале да доаѓаат на состаноците на малата библиска група што се собирала во домот на Павел и Ирина секоја седмица.

Кога мајка му на Павел се разболела, требало да најдат ново место за одржување на состаноците на малата група, Татјана го отворила својот дом за библиските проучувања.

Само неколку седмици подоцна, наишла една духовна криза. Татјана и Андреј имале силно чувство дека дошол пресудниот момент: или ќе донесат одлука да станат адвентисти или ќе престанат да се дружат со адвентистите.

Му ги изнеле своите дилеми на Павел и му рекле дека не знаат што треба да прават.

„Само Бог може да ви помогне да излезете од оваа криза“, рекол Павел.

Татјана и Павел се молеле и одлучиле да одат на своето прво саботно богослужение во црквата. Искуството во црквата било нешто сосема поинакво од сите нивни дотогашни доживувања.

Верниците во црквата биле средечни и пријатни. Биле пресреќни што можеле да видат нови посетители, така што мајката и синот ги третирале како одамна изгубени пријатели. Тие двајцата, во црквата почувствувале како да дошле во својот дом.

Набргу и двајцата биле крстени, на 6 април 2019 година.

Татјана е благодарна за адвентистичкото училиште кое го довело нејзиниот син и неа до Бога.

„Благодарна сум за ова училиште. Ако не дојдев да работам

## Во врска со искуството

- Презeмете ги сликите од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од bit.ly/2021-ESD

## Брзи факти

- Тијен Шен (Небески планина) е област во централна Азија која се состои од неколку планински венци. 80% од Киргистан се простира внатре во Тијен Шен со своите највисоки врвови на границата со Киргистан. Највисокиот врв 7,439 метри е Џингис Чокусу (Врв на победта) на границата со Кина. Втор по висина врв со 7,010 метри е Кан Тенгри (Господ на Духовите) и се наоѓа на Киргистанската страна на границата.
- Најголемата етничка група во Киргистан се Киргизите (73,3%). Историски гледано, тоа е номадско племе кое се движело со своите стада овци, коњи, јакови, живеејќи во лесно склопливи кружни шатори – јурти. Повеќето кригишки сточари и понатаму живеат полуномадски начин на живот. Тие ги изведуваат своите стада на планините на пасење во текот на летото.
- Соколарството е традиционална вештина во централна Азија, особено ловот со орлите. Киргискиот назив за златниот орел е bürküt, а неговиот сопственик е bürkütchü.
- Коњите претставуваат значаен дел од киргишката култура. Популарен пијалак е Кумис, традиционален ферментиран напиток направен од млеко од кобила.
- - Во текот на својата историја, Киргистан го населувале различни кланови и племиња. Иако одвреме-навреме бил окупиран, во 1991 година, по падот на Советскиот Сојуз ја стекнал својата независност.

тука, немаше да застанам пред книжарницата на патот до дома, и да дознаам дека еден од моите соседи во зградата е христијанин адвентист. Никогаш не би дознала за адвентистичката црква. Бог го водеше мојот пат“.

Пред три години дел од даровите на 13. сабота беше употребен за изградба на адвентистичка гимназија во Токмок, во Киргистан.

Ви благодарам што го поддржувате адвентистичкото образование во Киргистан и ширум Евроазиската дивизија.




# Немирното дете прваче

УКРАИНА | 20 март 2021

**Људмила Комкова, 24**

Учителката Људмила не била сигурна што да прави со шестгодишниот Матвеј од прво одделение во адвентистичкото основно училиште во градот Буча, во Украина.

Кога имал неколку прашања во текот на часот по украински јазик, не седел мирно и не дигал рака како и другите деца, туку станувал.

„Каде треба да пишувам?“ – викал. За време на часот по математика, исто така не седел мирно и не дигал рака. „На која страница треба да ја отвориме книгата“? – викал.

Људмила се обидела да му објасни на Матвеј дека треба да седи мирно и да ја подигне својата рака кога има некое прашање. Меѓутоа, изгледало како да не разбира. Неговото викање ја реметело наставата.

Децата првачиња брзо воспоставиле другарски односи едни со други, но Матвеј имал проблем. Кога не ги игнорирал другите деца, се расправал со нив. Кога не би му се допаднало нешто што ќе му кажале, ги буткал или ги удирал.

Лудмила не знаела што да прави со него. Ова било нејзина прва работа по дипломирањето на универзитетот. Таа сакала да му помогне на момчето да може да учи и да стекне пријатели. Се обидела лекциите што ги предавала да ги направи поинтересни. Се обидела да разговара со Матвеј.

Не помогнало ништо. Ништо не можела да направи.

Еден ден, неколку седмици пред почетокот на училишната година, враќајќи се дома, му се обратила на Бога во молитва:

„Боже, Те молам за трпение и мудрост, да можам да пронајдам некој начин да работам со тоа дете“.

Утредента повторно се молела.

Боже, Те молам води ме денес додека предавам, покажи ми како да се поставам кон Матвеј и да го поучувам. Помогни ми да им бидам добра учителка на моите деца во одделението“.

Људмила се молела за Матвеј секое утро и вечер во текот на шест седмици.

Еден ден забележала голема промена во училницата. Матвеј не станувал и не го поставувал своето прашање. Наместо тоа, мирно седел и дигал рака. Престанал да ги игнорира, да ги бутка или удира другите деца. Почнал љубезно да разговара со нив.

Матвеј забележал дека еден од учениците го изгубил својот молив, и тога својот молив му го дал на другарчето.

„Еве“, му рекол, „земи го мојот молив“.

Срцето на Људмила било допрено. Матвеј имал само еден молив, и тој му го дал на своето другарче. Третото дете видело дека Матвеј му го дал својот молив, и тоа му дало еден од своите моливи.

Почнал да стекнува пријатели. Останатите деца го засакале. Бил љубезен и великодушен. Бил подготвен да дели сѐ што имал.

За Људмила, ова било голема лекција. „Сфатив дека сме Божји деца. Бог покажува толку трпение и љубов кон нас. Тој го обликува нашиот карактер во текот на целиот наш живот. Тој направи чудо во мојот живот. Никогаш не можев да помислам дека нешто може да го промени Матвеј толку брзо.“

Таа додава, „Сфаќам дека ако правиме сѐ што е во нашата моќ, Бог го прави она што нам ни е невозможно“.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на училишна зграда за училиштето на Људмила.

Во моментот училиштето ги дели училниците со адвентистичкиот колеџ, а вашите дарувања ќе им помогнат да децата да стекнуваат образование во свои училници.

Ви благодарам што планирате да приложите великодушни средства за ова наше училиште.

## Во врска со искуството

- Името на детето е променето поради заштита на неговата приватност.
- За Људмила погледнете на јутјуб: bit.ly/Lyudmila-ESD
- Сликите можете да ги преземете од Фејсбук: bit.ly/fb-mq
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од bit.ly/2021-ESD.

## Мисионски информации

- Украина има долга христијанска историја. Во 988 година, принцот Владимир Кијевски, познат под името Владимир Велики, договорил брак со Ана, сестрата на византискиот цар Василиј Втори и преминал во источното христијанство. Потоа уништил многу пагански олтари и основал голем број христијански цркви.
- Адвентистичката порака во таа област на брегот на Црното Море, Крим и Кавказ за прв пат се проповедала од страна на германските мисионери Перке и Кандад. По одржаното крштевање во 1886 година, првата адвентистичка црква броела 17 членови. Основана е во селото Бердибулат.
- Православаната црква и подоцна комунистичката партија биле непријателски настроени кон адвентизмот во Украина и многу верници од црквата и пасторите биле прогонувани поради своите верувања, поминувајќи многу години во затворите. За време на Сталин, многумина умреле во логорите. Од тие причини, црквата се развивала како подземна институција. Официјално адвентистичката црковна организација е основана во 1978 година.



# Научи не да се молиме

ПРОГРАМА НА 13-ТАТА САБОТА

Наталија Берлинскаја, 43

27 март 2021

Еднаш неделно, професорката Наталија ги собирала учениците од прва година во круг за специјална молитва.

„Викторија, ти почни со молитвата“, рекла едно утро.

Петнаесетгодишната Викторија ја погледнала професорката со своите крупни, исплашени очи.

„Како?“ – прашала. „Како да се молам?“

„Почни вака, Драги Боже...“

„Значи, така треба да ја започнам молитвата?“ – рекла Викторија.

„Да, токму така“, одговорила професорката.

„И што понатаму“?

„Барај од Бога да те благослови, како што прочита во приказната“,

Викторија ја прочитала приказната за тоа како сонцето изгрева секој ден и им свети на сите луѓе и добри и лоши. Приказната зборувала дека Исус свети со својата љубов над сите секој ден, и дека христијаните би требало да им светлат на сите луѓе околу себе.

„Мили Боже“, рекла девојката, „Помогни ни да бидеме добри ученици, да бидеме светлина“.

Викторија не била единствената која била исплашена да се моли на глас во прва година во средното училиште во Буча. Четири од седумте деца доаѓале од адвентистички семејства. Викторија и други две деца кои не биле адвентистисти, не биле навикнати да се молат. Професорката сакала и тие да се молат и да ја искусат силата на молитвата сами за себе.

Откако прв пат се помолила, Викторија не се плашела повторно да се моли. Меѓутоа, нејзиниот најдобар пријател, Руслан, одбил да се моли.

„Јас се плашам да се молам. Не можам да се молам пред сите“.

Професорката се помолила за Руслан на посебен начин.

Викторија по некое време се разболела, добила инфекција на увото. Не доаѓала во училиште еден месец. Сите ученици биле загрижени за неа, а посебно Руслан. Професорката одлучила целото одделение секојдневно посебно да се моли за Викторија. Сите јавно се молеле за неа, освен Руслан.

Едно утро, професорката изјавила дека Викторија би требало да оди на операција на увото наредниот ден. Ги повикала сите ученици да се соберат и

## Во врска со искуството

- Имињата на учениците се променети за да се заштити нивната приватност.
- Пред или по изнесеното искуство, употребете ја картата за да ги покажете Украина и Русија, државите кои ќе ги примат даровите на 13. сабота. Кратко опишете на кој начин ќе бидат употребени овие дарови.
- За Наталија погледнете на јутјуб: bit.ly/Natalya-ESD
- Преземете ги сликите од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од bit.ly/2021-ESD

## Брзи факти

- Украина се наоѓа во источна Европа, и таа е втора држава по големина на тој континент по Русија. Главен град е Киев. Се наоѓа на север на државата, на реката Дњепар.
- Украина е четврта земја по бројот на сертифицирани ИТ стручњаци по САД, Индија и Русија.
- Украина има голем број природни резервати, во согласност со определеното зачувување на своето природно наследство, а особено степите. Прв таков резерват е Аскања Нова, кој е основан во 1875 година. Денес резерватот има успешна програма за одгледување на загрозените видови како што се дивите магариња и коњите од расата Пржевалски.
- Национално јадење во Украина, а и најпознато за странците е борш, чорба направена од цвекло и друг зеленчук како што е зелка, компир, домат, морков, кромид и лук. Постојат 30 различни видови на украински борш.

да застанат во круг за молитва. „Кој сака да се моли за Викторија?“ – прашала.

„Јас сакам да се молам“! – решително рекол Руслан.

Сите биле изненадени. И тој самиот бил изненаден. „Што ли реков?“ – се прашувал гласно.

Децата ги наведнале своите глави и ги затвориле очите. „Мил Исусе“, ја почнал Руслан молитвата. „Благослови ја операцијата на Викторија. Помогни ѝ да не го изгуби слухот, излечи ја и помогни ѝ да се врати во училиште. Амин“.

Операцијата била успешна. Неколку недели подоцна, Викторија се вратила на училиште.

„Бог ги слуша нашите молитви, посебно оние кои се упатени од страна на децата кои се плашат“, рекла професорката Наталија за време едно интервју. „Не би требало да се плашиме да ги отвораме своите срца пред Бога. Можеме да се молиме каде било и во кое било време, а Бог ќе одговори на начини на кои ние не можеме ни да си замислиме“.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримечје ќе биде употребен за изградба на училишна зграда за училиштето на професорката Наталија во Буча во Украина. Во моментот училиштето дели училници со адвентистичкиот колец, а вашите дарувања ќе им помогнат на децата да стекнуваат образование во свои училници.

Ви благодарам што планирате да приложите великодушни средства за двата мисионски проекти – зааа адвентистичкото училиште во Буча во Украина и за христијанското училиште Заокски во Русија.

*(Приложувањето на даровите може да биде проследено со инструментална музика).*

# Идни проекти на 13-тата сабота

Проектите на кои ќе бидеме сосредоточени во текот на следното тримесечје, доаѓаат од Интерамериканската дивизија при Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква, во која е планирано да се отворат 13 „центри на влијание“ за подобар и поквалитетен живот во следните држави и градови:

- Адвентистичкиот универзитет „Антила“ во Порторико.
- Адвентистичкиот универзитет „Колумбија“ во Колумбија.
- Адвентистичкиот теолошки факултет во Куба.
- Адвентистичкиот универзитет „Доминикана“ во Доминиканската Република.
- Адвентистичката универзитетска академија „Хаити“ на Хаити.
- Универзитетот „Линда Виста“ во Мексико.
- Универзитетот „Навахо“ во Мексико.
- Универзитетот „Монтеморелос“ во Мексико.
- Универзитетот „Северни Кариби“ во Јамајка.
- Адвентистичкиот универзитет „Централна Америка“ во Костарика.
- Универзитетот „Јужни Кариби“ во Тринидад.
- Адвентистичкиот универзитетски институт „Венецуела“ во Венецуела.
- Адвентистичкиот Џуниор колеџ во Белизе.

# Киргистански колач од ѓумбир

(КИРГИСТАН)

## СОСТОЈКИ:

- 70 грама маргарин / путер
- 66 грама шеќер
- 1 јајце
- 300 грама брашно
- 10 mg квасец
- 5 mg мелено каранфилче
- 5 gr ѓумбир во прав
- 2,5 mg цимет
- 240 ml меласа
- 240 ml врела вода

## ПОДГОТОВКА:



Рерната треба да се загрее на 190 C. Путерот и брашното се мешаат. Брашното, квасецот и останатите состојки се оставаат на страна. Мелата и топлата вода треба да се измешаат во посебна чинија. Потоа во брашното се додава растопениот путер / маргарин и брашното измешано со меласата и топлата вода. Потоа се додава шеќерот, јајцето и добро се меша. Колачот се обликува и се пече 45 минути, додека чепкалката за проверка дали е испечено нема делови од тестото. Треба да се излади пет минути пред вадењето од рерна. Колачот се служи со шлаг од ванила и колачот се посипува со шеќер.

# ЕВРОАЗИСКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Белоруска | 66 | 28 | 3,837 | 9,467,000 |
| Кавкаска | 135 | 67 | 7,601 | 30,761,081 |
| Источно-руска | 82 | 39 | 5,064 | 22,707,619 |
| Далекоисточна | 51 | 17 | 2,162 | 6,154,807 |
| Молдавска | 140 | 98 | 8,658 | 3,543,000 |
| Јужна | 70 | 45 | 4,050 | 111,642,000 |
| Транскавкаска | 27 | 15 | 1,180 | 6,959,000 |
| Украинска | 810 | 267 | 45,208 | 42,037,000 |
| Западноруска | 378 | 296 | 27,744 | 95,218,493 |
| Кримска | 26 | 6 | 1,748 | 1,912,000 |
| **ВКУПНО** | **1,785** | **878** | **107,252** | **330,402,000** |

**ПРОЕКТИ:**

1. Изградба на трокатна претшколска установа, основно и средно училиште во Украинскиот адвентистички центар за високо образование во Буча, Украина.
2. Изградба на двокатна претшколска установа, основно и средно училиште при Адвентистичкиот универзитет Заокски во округот Тула, Русија.

# Извори

**Извор на информации за читателите**

За повеќе информации за разновидното културно наследство на Киргистан, Русија, Украина (ЕАД), контактирајте ја вашата локална библиотека или туристичка агенција или амбасада на земјата за која сте заинтересирани. Внесете го името на земјата во вашиот интернет прелистувач.

Следниве веб-страници може да бидат корисни:

| | |
|---|---|
| **Kyrgyzstan:** government website | bit.ly/KyrgGovt |
| World Fact Book | bit.ly/WFBKyrg |
| Silk Road Explore | bit.ly/SRKyrg |
| **Russia:** government website | bit.ly/RusGovt |
| Encyclopaedia Britannica | bit.ly/BritRus |
| Lonely Planet | bit.ly/LonPlanRus |
| **Ukraine:** government website | bit.ly/UkrGovt |
| World Travel Guide | bit.ly/WTGUkraine |
| National Geographic | bit.ly/NatGeoUkraine |
| **Seventh-day Adventist** | |
| Euro-Asia Division | bit.ly/Euro-Asia |
| Caucasus Union Mission | bit.ly/SDACAUM |
| Far Eastern Union of Churches Mission | bit.ly/SDAFEUCM |
| Ukrainian Union Conference | bit.ly/UkrUnionConf |
| West Russian Union Conference | bit.ly/SDAWRUC |

**Адвентистичкото мисионско DVD** е бесплатен прилог на списанието во кое можат да се видат искуствата од земјите за коишто зборувавме, како и за Светската мисија на Адвентистичката црква. Замолете го водачот на саботата школ да ви даде една копија од ова DVD или оди на www.AdventistMission.org; www.AdventistMission.org/dvd.

**Мисионското списание** и на социјалната мрежа Фејсбук. Читајте, коментирајте, споделувајте, ставете „ми се допаѓа" на нашите искуства на www.facebook.com/missionquartelies.

**Средство за остварување на целта -** Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања.

Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел.

Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата са-бота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

**Градиво за саботна школа**
**1/2021**

**ВЕСТИ ОД СВЕТОТ**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготвил:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**